# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 16.04. 2025 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 6 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Свети Николе бр. 0801 – 1075 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095**
**16.04. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 54 став 1 алинеа 5 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.68/04,127/06,114/09,83/10,140/10,17/11...275/19) и член 29 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.04.2025 год. донесе

## ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Свети Николе

### Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Св.Николе бр.0701-605 од 15.09.2011 год. („Сл.гласник на Општина Св.Николе“бр.7/11 ), во членот 1 ставот 2, алинеја:1 и 2 се менува и гласи:

Се утврдува ценовник со следниве тарифи за чинење на авто-такси превозот на патници:

1. Почеток на превоз во градот и превоз до 2 км – 80,00 денари;
2. Изминат км во градот/општината, после 2 км – 20,00 денари;
3. Чекање од минута – 5,00 денари
4. Ноќна тарифа од 22.00-06.00 старт 80,00 денари и превоз од км по 20,00денари

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Св.Николе“.

**Бр.0801 - 1075** **Совет на општина Свети Николе**
**16.04.2025година** **Претседателка**
**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за проширување на средствата на Општина Свети Николе за 2025 година бр. 0801 – 1076 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/2** **Општина Свети Николе**
**16.04. 2025 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весникна РМ бр.05/2002"),а во врска со член 34 став 5 од Законот за Буџети("Сл. Весник на РМ бр.64/2005, 4/2008 ,103/2008 ,156/2009 ,95/210, 180/11,171/2012,192/2015 и 167/2016")и("Службен Весник на РСМ бр.151/2"1) ,Советот на Општина Свети Николе на **61** седница на ден**16.04.2025** година.

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **СВЕТИ НИКОЛЕ**

За **2025** година

## Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина СВЕТИ НИКОЛЕ за 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | | |
| 742114 | Приходи од европската унија | 0 | 0 | 3.700.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **3.700.000** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | | |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 100.000 | 0 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 600.000 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 1.200.000 | 0 |
| 420240 | Патување во странство - споредни расходи | 0 | 0 | 1.200.000 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 510.000 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **3.700.000** | **0** |

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе" за 2025 година.

Бр. 0801-1076
16.04.2025г.
Свети Николе

Претседател на Советот на Општината

___________

**Валерија Ивановска** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за примање донација од Делта Бет ДОО Скопје(Mozzart Bet) бр. 0801 – 1077 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/3**
**16.04. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 8 став 41 од Статутот на Општина Свети Николе ( Службен гласник на општина Свети Николе бр.3/21 ), а во врска со член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на општина Свети Николе на седница одржана на ден 16.04. 2025 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за примање донација од Делта Бет ДОО Скопје(Mozzart Bet)**

**Член 1**

Со оваа одлука , Општина Свети Николе прима донација од Делта Бет ДОО Скопје(Mozzart Bet) бул.8 ми Септември бр.16 со ЕДБ 4030008038865 , која се состои во целосна изградба на ново спортско фудбалско игралиште кое ке биде лоцирано на ул.29 ти Ноември ,КП 8627 со големина 32 м Х16 м.На игралиштето ке биде поставена вештачка трева,голови со мрежа,трибини и истото ке биде целосно оградено .

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Свети Николе да склучи Договор за примање на донација со Делта Бет ДОО Скопје(Mozzart Bet).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Број 0801** - 1077

**16.04. 2025 година**

**Свети Николе**

**Претседател на Советот на општина**
**Свети Николе**

**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка со Општина Штип бр. 0801 – 1078 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/4**
**16.04. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 4 и член 7 од законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ„ бр.79/09), како и член 14 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година донесе

**О Д Л У К А**

**за воспоставување меѓуопштинска соработка со Општина Штип**

Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка со Општина Штип и Општина Свети Николе заради заедничко вршење на работи од надлежност на општините кои што се однесуваат на вршење работи од областа на општински инспектор за домување.

Работите од областа на општински инспектор за домување ќе ги извршува општински инспектор за домување од Општина Штип за потребите на Општина Свети Николе.

Член 2

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку склучување на договор за вршење определени работи од страна на една општина за друга општина.

Член 3

За подготовка на Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлозите на актите со кои се основаат или формираат облиците преку кои ќе се остварува меѓуопштинската соработка се формира заедничка Комисија.

Заедничката Комисија е составена од еден член предложен од Општина Штип и два члена предложени од Општина Свети Николе.

За ченови во Комисијата од Општина Свети Николе се определуваат Светлана Михаиловска – Помошник раководител на сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локалкен економски развој и јавни дејности и Наташа Станојковска – Раководител на Одделение за нормативно-правни работи.

Член 4

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801 - 1078** **Претседател,**

**16.04. 2025 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за формирање Комисија за проценка на штети бр. 0801 – 1079 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/5** **Општина Свети Николе**
**16.04. 2025 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа, (”Службен весник на РМ’’ бр.5/2002и ”Службен весник на РСМ’’ бр.202/24)како и член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување (”Службен весник на РМ’’ бр.36/04, 49/04,86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), и ”Службен весник на РСМ’’ бр. 215/21) Советот на Општина Свети Николе на седницата оддржана на ден 16.04.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**За формирање на Комисија за проценка на штети**

**Член 1**

Се формира Комисија за проценка на штети од природни непогоди и други несреќи во состав од 5(пет) члена.

**Член 2**

За членови на Комисијата се избираат:

1. **Валентина Јосева**
2. **Павле Јованов**
3. **Марјан Станојковски**
4. **Александар Трајчев**
5. **Јохан Грозданов**

**Член 3**

На членовите на Комисија за проценка на штети од природни непогоди и други несреќи ќе им се исплаќа надомест за деновите за извршена проценка во висина на 8% од просечно исплатената нето плата на РМ во последните три месеци.

**Член 4**

Средствата за надомест на членовите на Комисијата од член 1 од оваа Одлука ќе се врши од Буџетот на Општина Свети Николе.

**Член 5**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Комисија за проценка на штети бр. 0801-150 од 14.06.2018 година.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0801- 1079**
**16.04.2025 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе,**

**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за определување на член на Управниот одбор на ЈУ Међуопштински центар за социјална работа Свети Николе бр. 0801 – 1080 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/6**
**16.04. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24),), како и член 183 став 3 и 5 од Законот за социјална заштита(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23)Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на член на Управниот одбор на**

**ЈУ Међуопштински центар за социјална работа Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе за член на Управниот одбор на ЈУ Мегуопштински центар за социјална работа Свети Николе како член вработен во општинската администрација кој врши работи од социјална заштита го предлага лицето:

-Ивана Димитрова -дипломиран психолог

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе бр.0801-661 од 30.01.2024 год

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801- 1080** **Совет на Општина Свети Николе**

**16.04. 2025 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за разрешување на преставник од Министерство за социјална политика, демографија и млади во Управниот одбор на ЈОУДГ ''Рахилка Гонева'' Свети Николе бр. 0801 – 1081 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/7** **Општина Свети Николе**
**16.04. 2025 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 114 ст.18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25) и чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 16.04. 2025 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување на преставник од Министерство за социјална политика, демографија и млади во Управниот одбор на ЈОУДГ ''Рахилка Гонева'' Свети Николе**

**Член 1**

Од преставник од Министерство за социјална политика, демографија и млади во Управниот одбор на ЈОУДГ ‘’Рахилка Гонева’’ Свети Николе се разрешува:

- Даниела Димов

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801 - 1081** **Претседател,**

**16.04. 2025 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за именување на преставник од Министерство за социјална политика, демографија и млади во Управниот одбор на ЈОУДГ ‘’Рахилка Гонева’’ Свети Николе бр. 0801 – 1082 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/8** **Општина Свети Николе**
**16.04. 2025 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 114 ст.18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25) и чл.36 ст.1 т.15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 16.04.2025 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на преставник од Министерство за социјална политика, демографија и млади во Управниот одбор на ЈОУДГ ‘’Рахилка Гонева’’ Свети Николе**

**Член 1**

За преставник од Министерство за социјална политика, демографија и млади во Управниот одбор на ЈОУДГ ‘’Рахилка Гонева’’ Свети Николе се именува:

- Ангела Попова

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801 - 1082** **Претседател,**

**16.04. 2025 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за престанок на мандат на член на Училишен одбор на ООУ “Свети Кирил и Методиј” Свети Николе бр. 0801 – 1083 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/9** **Општина Свети Николе**
**16.04. 2025 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија ” бр. 202/24 ) kako и член 106 ст.5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 , 229/20 и 3/25) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.04. 2025 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на член на Училишен одбор на ООУ “Свети Кирил и Методиј” Свети Николе**

**Член 1**

Се утврдува престанок на мандат на Благој Коцев , член на Училишен одбор на ООУ “Свети Кирил и Методиј” Свети Николе како преставник од локалната самоуправа.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0801-1083** **Совет на Општина Свети Николе**
**16.04. 2025 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донес

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ “Свети Кирил и Методиј” Свети Николе бр. 0801 – 1084 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/10** **Општина Свети Николе**
**16.04. 2025 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија ” бр. 202/24 )kako и член 106 ст.2 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 , 229/20 и 3/25) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.04. 2025 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член на Училишен одбор на ООУ “Свети Кирил и Методиј”**
**Свети Николе**

**Член 1**

За преставник од Локалната самоуправа како член во Училишниот одбор на ООУ “Свети Кирил и Методиј” Свети Николе се именува:

- Благој Коцев

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801 - 1084** **Претседател,**

**16.04. 2025 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за Јавни работи во 2025 година бр. 0801 – 1085 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/11**
**16.04. 2025 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/2002) член 8 став 1 точка 8 и 14 од Статутот на општина Свети Николе „Службен гласник на општина Свети Николе" бр.03/2021) како и врз основа на член 7, став 1 од Законот за комунални дејности („Сл. весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 31/16, 64/18 и „Сл.Весник на РСМ бр.302/2020), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 16.04. 2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за Јавни работи во 2025 година**

**Рамка на програмата**

Комуналните дејности се дејности од јавен интерес. Основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето на комуналните дејности, финансирањето на изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфратсруктура се уредуваат со Законот за комунални дејности.

Според членот 7 став 1 и 2 од Законот за комунални дејности :

„Комуналните дејности се вршат врз основа на развојни планови и програми. Развојните планови за вршење на комунални дејности се донесуваат во период од три години од страна на Советот на Општината".

Горенаведениот закон вклучува одредби со кои што се уредени одредени надлежности на Општината и јавните комунални претпријатија основани од Општината, како даватели на комунални услуги. По овие одредби потребно е да се предвидат соодветни акти односно активности, кои што треба да се донесат односно превземат. Напорите на Општина Свети Николе во 2025 година ќе бидат насочени кон донесување на сите потребни акти и програми со цел ефикасно извршување на комуналните услуги согласно овој закон преку примена и на дополнителни и нови практични пристапи со цел исполнување на надлежностите на локалната самоуправа согласно законските одредби во оваа област.

**Развојни приоритети**

Согласно Законот за локална самоуправа една од клучните надлежности на општините е планирањето на локалниот економски развој, водење на локална економска политика, потоа поддржување на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво, како и промовирање и воспоставување на партнерства. Во оваа насока, Советот на Општина Свети Николе усвои Стратегија за локален развој на општината во кој еден од Главните приоритетеи е Намалување на невработеноста и насочени вработувања во Општина Свети Николе невработеноста

изнесува 719 лица според официјалните податоци од Центарот за вработување (**Извор**: .av.gov.mk/ Преглед со состојба 28.02.2025 г.).

Од извршената Анализа на пазарот на трудот на Општина Свети Николе меѓу другото констатирано е дека:

- Огромно е учеството на невработените со ниско ниво на образование (без образование или со основно образование т.е неквалификувани) – 41 % од вкупниот број на невработени.
- Голем е бројот на невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 година - 61%.
- Голем е бројот на невработени лица на возраст над 55 години – 41% од вкупниот број на невработени.

За да се стимулира вработувањето на овие најзагрозени категории на невработени лица се предвидува нивно ангажирање во организирани работни активности во рамките на програма за Јавни работи од областа: Одржување и обновување на јавната инфраструктура и Одржување и заштита на животната средина.

За извршување на оваа надлежност во општина Свети Николе одговорно е ЈКП „Комуналец“ и Општина Свети Николе преку Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, комунални работи и туѓување на градежно земјиште односно Одделението за Комунални работи

Со цел да се даде поддршка на работата на јавните претпријатија и општината за ефикасно спроведување на надлежноста од областа на заштита на животната средина и природа, уредување на просторот и градежното земјиште и комуналните дејности (одржување на јавна чистота) потребно е превземање на организирани акции со поддршка на општината и ЈКП, во кои ќе се ангажираат дополнителни човечки ресурси со моментален статус на невработени лица.

Во општина Свети Николе има голем број на слободна работна сила која може да биде ангажирана во работни активности кои не бараат стручност и формално образование, а се во рамките на програмските активности на јавните претпријатија и Општина Свети Николе. При спроведување на организираните акции, предност ќе се даде на вработување на долгорочно невработените лица кои чекаат вработување подолго од 1 година (61% од вкупниот број на невработени) која е најбројна во општината, на неквалификуваната работна сила со ниско ниво на образование (41% од вкупниот број на невработени) и на невработените лица на возраст над 55 години (41% вкупниот број на невработени).

**Цел**

Основна цел на Програмата е да се даде придонес кон:

- Намалување на стапката на невработеност, привремено намалување на сиромаштијата и економско-социјалните тензии преку ангажирање на 8 невработени лица за период од 4 месеци, со акцент на долгорочно невработени неквалификувани и полуквалификувани лица,
- Обезбедување на посовремени услови за живот и работа на граѓаните преку обновување и уредување на јавната инфраструктура и одржување и заштита на животната средина.

**Програмски активности**

Во рамките на програмата за Јавни работи, Општина Свети Николе во парнерство со ЈКП Комуналец, за период од 4 месеци ќе ангажира 8 невработени лица со акцент на долгорочно нерaботени лица, неквалификувани и полуквалификувани. Со проектот ќе се спроведат работни активности од областа на заштита на животната средина за чистење и одржување на критичните точки од аспект на загадувањето (градски паркови, детски игралишта, излетнички места, гробишта, просторот на индустриската зона, дивите депонии во и околу градот), и од областа на обновување и одржување на јавната инфраструктура т.е уредување и санација на уличната инфраструктура во градот Свети Николе.

Програмата предвидува извршување на следните групи на активности по одредена временска динамика:

(Динамичкиот план за извршување на активностите е во прилог):

**1 активност Мај, Јуни, Јули, Август:**

Чистење, хортикултурно уредување и поставување на урбана опрема (клупи, летниковци и корпи за отпадоци) во градските паркови, детските игралишта и други јавни површини;

**2 активност Мај, Јуни, Јули, Август:**

Санација на тротоарните површини, хортикултурно уредување и расчистување на центарот на градот Свети Николе;

**3/ активност Мај:**
Чистење и уредување на излетничко место Ѓуриште, пешачката патека до Била Зора и езеро Мавровица;

**4 активност Мај, Јуни, Јули, Август:**
Расчистување на дивите депонии во и околу градот вклучувајќи ја индустриската зона и порамнување на цврстиот отпад во градежната депонија;

**5 активност Мај, Јуни, Јули, Август:**
Чистење на одводен канал во градски гробишта, како и расчистување на речни корита;

**6 активност Мај, Јуни, Јули, Август:**
Санација на пристапни пешачки патеки, хортикултурно уредување и расчистување на јавните гробишта.

**Финансирање**

Со Програмата е предвидено да се ангажираат 8 лица на кои ќе им се исплаќа надоместок во износ од 29.000 денари – бруто износ.

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 1.000.000 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2025 година.

Средствата во износ од 1.000.000 денари се од буџетот на Општина Свети Николе и ќе бидат наменети за плаќање на надоместок за извршените јавни работи на 8 ангажирани лица за период од 4 месеци. И истите ке бидат работно ангажирани од страна на ЈКП „Комуналец" Свети Николе.

**Распоредување на буџетските средства**

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

**Завршни одредби**

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0801-1085** **Совет на Општина Свети Николе**
**16.04.2025 год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2025 година бр. 0801 – 1086 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 16.04.2025 година.

**Бр.0901- 1095/12** **Општина Свети Николе**
**16.04. 2025 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

**Градоначалник на Општина Свети Николе**

тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911

e-mail: info@svetinikole.gov.mk

www.svetinikole.gov.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА ПРВ КВАРТАЛ ЗА 2025 ГОДИНА

**31.03.2025 год.**

Општина Свети Николе во текот на првиот квартал од 01.01.2025 до 31.03.2025 година има реализација на приходите на Буџетот на Општина Свети Николе во вкупен износ од **116.730.739 денари** или изразено во процент изнесува **22%,** споредено план со реализација.

Основниот буџет на Општина Свети Николе за прв квартал има реализација на приходите од **48.023.773,00** денари или изразено во проценти изнесува **21,29%**. Со анализата која е направена во одделението за буџет и буџетска координација констатирано е дека општината континуирано врши исплата на обврските кон комитентите и се обидува да оствари максимално прибирање на приходите со што би се овозможило поголема финансиска сигурност. Според вкупните приходи општинскиот основен буџет има реализација во приходниот дел во вкупен износ од **48.023.773,00** денари со пренесениот вишок на приходи од предходни години, а од истите реализација на расходите во вкупен износ од **31.188.734,00 ,** и салдото на **31.03.2025 година** е во износ од **28.597.298,00** денари .

Од севкупните расходи на ставките 401,402 и 404 кои се однесуваат за исплата на плата, надоместоци и придонеси има потрошено **13.031.810,00,** а остатокот на средства се за исплата на обврските кои општината ги сервисира се воведува максимална финансиска контрола и дисциплина во делот на исплатата на основниот буџет.

Ако се направи анализа на средствата како се реализирани и потрошени како реализација/план за овој првиот квартал од 2025 се добива следната слика на реализација на трошоци во основниот буџет:

- За плати и надоместоци на вработените во локалната самоуправа се потрошени **42%** од вкупните расходи, а соодносот реализација/план е **23%**
- Трошоци од постојана резерва потрошени се **200.000,00** денари или **100%** од предвидените- донација по одлука на совет за семејствата на жртвите во пожарот во дискотеката во Кочани
- За непредвидени трошоци од тековната резерва потрошени се **529.134** денари и овој износ во вкупните трошоци влегува со **1,7%** или споредено план/реализација **71,5%.**

**Во овие трошоци влегуваат:**

1. **Исплатите по одлуки донесени од советот на општината по барања на лица за лекување,**
2. **Исплата на ваучер по повод празникот Богојавление за лицето кое го фаќа крстот.**
3. **Исплати за набавка на парфеми за вработените по повод „8-ми Март“ и за делегациите од КУД и збратимени општини присутни на „Тодорица 2025“**

4. **Исплати за набавки на парфеми за вработените на трета смена за Нова Година на територијата на Општина Свети Николе**

- За патување во земјата патни трошоци, споредни трошоци и патарини како и трошоци направени во државата во кој спаѓаат и сместувањата има направено трошок кој изразен во процент изнесува **0,06%** од вкупните трошоци или во денари изразено изнесува **20.550** денари, а соодносот реализација/план е **2,09%**

**Во овие трошоци влегуваат:**

1. **Исплатите по патните сметки за патарини и дневници на вработени за службени патувања**.

- За комунални услуги во кој спаѓаат(електрична енергија, огрев, телефон и телефакс, регистрација на моторни возила, гориво и масла, пошта ) исплатени се **26,20%** од планираните трошоци или во денари изразено изнесува **3.532.284** денари, а во однос на вкупните трошоци е **11,32%.**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **421** | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ,ГРЕЕЊЕ,КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | **3.532.284** |
| 421110 | Електрична енергија | 2.240.388 |
| 421120 | Водовод и канализација | 386.173 |
| 421190 | Други комунални такси | 22.940 |
| 421240 | Течни горива | 374.332 |
| 421310 | Пошта | 43.890 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 208.143 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 3.450 |
| 421410 | Горива и масла | 111.002 |
| 421420 | Регистација на моторни возила | 43.791 |
| 421430 | Транспорт на стоки | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе-**исплати за јавниот превоз** | 98.175 |

- За материјали  и ситен инвентар во кој спаѓа и одржувањето на уличното осветлување,  како и сите поправки кои се направени во општинската зграда, во овој дел спаѓа и набавката на материјали за посебни намени, самиот износ за овие трошоци изнесува **767.196** или **9,42%** од планираните трошоци**,** во однос на вкупните трошоци реализирано  е **2,46 %**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **423** | **МАТЕРИЈАЛИ И АЛАТИ** | **767.196** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 88.751 |
| 423120 | Списанија,весници и др.изданија | 17.650 |
| 423320 | Обувки | 0 |
| 423410 | Прехрамбени продукти и пијалоци(**Во овие трошоци влегуваат набавени производи за потребите на градоначалникот)** | 41.625 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 33.605 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 0 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена**(Во овие трошоци влегуваат исплатите за уличното јавно одржување од страна на ЈКП Комуналец во износ од 453.013 денари  , набавка на песок покрај пешачка патека во Градски парк,набавка на магнети од ОУ Народен музеј за гости на Тодорица 2025)** | 583.630 |
| 423990 | Други материјали | 1.935 |

За поправки и одржување на моторни возила,поправка и замена на резервни делови гуми и други делови кои се потребни за возниот парк на општината како и за одржување на зелени површини се потрошени средства во износ од **1.172.957** денари или во проценти **13,09%** од планираното, во однос на вкупните трошоци реализирано е **3,76%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **424** | **ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | **1.172.957** |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила | 29.091 |
| 424120 | Поправки и сервисирање на товарни возила | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 |
| 424230 | Дезинфекција,дезинсекција и дератизација | 0 |
| 424320 | Одржување на автопати,улици и патишта(**зимско одржување**) | 22.420 |
| 424390 | Одржување на други градби | 0 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема(**одржување на системот во даночно за 09,10,11,12/2024)** | 221.329 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради(**Во овие трошоци влегуваат исплатите по договор со ЈКП Комуналец за одржување на зелени површини околу згради)** | 319.572 |
| 424590 | Одржување на др.зелени пвршини(**Во овие трошоци влегуваат исплатите по договор со ЈКП Комуналец за одржување на други зелени површини)** | 580.545 |

- За други договорни услуги ангажирање на лица кои имаат извршено определени услуги кон општината, надомест за експропријација , исплата на проекти за урбанистички и просторни планови, примарна заштита, услуги за копирање и печатење има реализирано **1.001.986,00** денари или **3,2%** од вкупните расходи, а реализирано во однос на планирано е **7,3%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **425** | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | **1.001.986** |
| 425220 | Банкарска провизија | 3.600 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 19.878 |
| 425290 | Други финансиски услуги(**плаќање за завршни сметки до Централен регистер)** | 152.150 |
| 425310 | Правни услуги | 2.400 |
| 425320 | Судски вештачења | 0 |
| 425360 | Плаќање на судска такса | 0 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 |
| 425490 | Други здравствени услуги | 0 |
| 425530 | Уништување на штетни животни | 200.128 |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието (превоз на ученици во СОУ Кочо Рацин) | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање,печатење и издавање | 78.789 |
| 425930 | Научно истражување | 0 |
| 425970 | Консултански услуги | 49.120 |
| 425980 | Надзор над одржување на градби | 54.760 |
| 425990 | Други договорни услуги(**исплати на лица кои имаат извршено повремени работи за потребите на општината 286.332, исплата на лица по проект за општокорисна работа(палијативна служба) 103.174 ден ,персонален данок по основ на истите исплати)** | 441.161 |

- За расходите кои се однесуваат на репрезентација, посета на семинари и конференции, објава на огласи, членарина во домашни и странски заедници има реализирано средства во износ од **796.110,00** денари или **20,05%** од планираните средства **,** а во однос на вкупните расходи **2,55%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **426** | **ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **796.110** |
| 426120 | Членарини во домашни организации | 38.300 |
| 426210 | Расходи за репрезентација(новогодишен коктел за вработени,гости од збратимени општини,делегација од Собрание на РСМ) | 152.490 |
| 426310 | Семинари и конференции | 66.894 |
| 426410 | Објавување на огласи | 170.373 |
| 426990 | Други оперативни расходи(**од оваа ставка исплатени се средства за аудио и визуелни услуги, исплата за претплата на ЈП Службен весник,плаќање ,Агенција за катастар,набавка на чадори)** | 368.053 |

- На ставката 427 која се однесува за привремени вработувања за лицата вработени по договор со Агенција за привремени вработувања потрошени се **777.071,00** или во однос со вкупните расходи **2,49%.**

- На ставката за каматни плаќања по странски кредити исплатени се **1.149.626,00** денари или во однос на планираните **38,32%,** а споредено со вкупните расходи од овој квартал изнесува **3,69%**

- На ставките кои се однесуваат за исплатата на невладини организации, здруженија на граѓани како и трансферите до спортски клубови и организации од невладин сектор има остварување во овој прв квартал од годината во износ од **2.140.000,00** денари или изразено во проценти споредено со планираните расходи изнесува **48,42 %**, а во однос на вкупните расходи е **6,86%.**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **463** | **ТРАНСФЕРИ ДО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ** | **2.140.000** |
| 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фонации | 190.000 |
| 463120 | Трансфери до спортски клубови | 1.950.000 |

- За разни трансфери има исплатено **515.912,00** денари и процентот на реализација во однос планирано-реализирано изнесува **4 %,** а во однос на вкупните расходи е **1,65%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **464** | **РАЗНИ ТРАНСФЕРИ** | **515.912** |
| **464940** | Трансфери за пензионирање | 85.138 |
| 464990 | Други трансфери(**во овие исплати влегуваат исплата за авторски права на авторска агенција за организираникултурни манифестации по повод Тодорица 2025 година 139.946 , Спонзорство за Новогодишна лотарија на м.з.Црнилииште и Горобинци,исплата за смртен случај на вработени(татко),исплата по решение за награди по повод „Свети Никола“,доплата за јубилејни награди)** | 430.774 |

- Исплата по извршни исправи се однесува за исплата по судски решенија и износот изнесува **8.280** денари или **0,02%** од вкупните расходи или реализација план **1,84%**

- Социјалните бенифиции кои се однесуваат на еднократна парична помош, награда за новороденчиња и исплата на самохрани родители изнесува **480.015** денари или **1,54%** од вкупните расходи или споредбено план реализација **25,4%**

- За отплата на главнина до нерезидентни кредитори има исплатено износ од **4.770.803** денари или **50%** од планираните расходи

- Од контото **482-** изградба и реконструкција на патишта улици и автопати има реализација во износ од **295.000** или процентуално изнесува **0,94%** во однос на вкупните расходи додека споредбено план реализација е **0,4%**

| конто | Опис на расход | Реализација |
|---|---|---|
| **482** | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **295.000** |
| 482120 | Изградба на улици,патишта и автопати | 0 |
| 482130 | Реконструкција на ул.патишта и автопати( | 0 |
| 482730 | Реконструкција на капацитети за водоснабдување | 0 |
| 482910 | Подготвување проекти,вкluч,дизајн на др.објекти | 295.000 |
| 482920 | Изградба на др.објекти | 0 |
